# ОПШТИНА ИЛИНДЕН






## О Т Ч Е Т

## 2 0 2 4







ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН
**ВО 2024 ГОДИНА**



# СОВЕТОТ ГО УСВОИ БУЏЕТОТ ЗА 2025 ГОДИНА

Советот на Општина Илинден го усвои Буџетот за 2025 година, со вкупна вредност од 543.501.000 денари или приближно 8,8 милиони евра.

Буџетот е со развојна компонента при што е применет партиципативниот принцип на буџетирање, како и следење на реалните потреби и барања на локалната заедница при дефинирање на програмите за развој.

Значителен дел од капиталните расходи се планирани за изградба и реконструкција на локални улици и патишта, за заштита и унапредување на животната средина-изградба на фекална канализација и чистење на одводните канали и речни корита, одржување чистота на јавни површини, одржување, уредување и проширување на јавни зелени површини и пошумување, субвенции на граѓаните за поттикнување на заштита на животната средина.

Истовремено, планирани се средства за нова опрема, реконструкција и доградба на постојните училишта и на детската градинка во општината, како и вложувања во спортска инфраструктура.

## ГРАЃАНИТЕ УЧЕСТВУВАА ВО КРЕИРАЊЕТО НА БУЏЕТОТ

Во рамките на својата транспарентност, а со цел подобрување на квалитетот на условите за живот и решавање на проблемите, во рамките на Отворениот ден на Општината граѓаните ги презентираа своите идеи и предлози за формирање на Буџетот за 2025 година.

Сите предлози и барања од граѓаните беа детално анализирани од стручните служби во Општината и согласно остварливите финансиски можности и издржливоста на проектите, истите се имплементирани во програмата за работа и Буџет за 2025 година.

## СОВЕТ

**Советот одржа 12 редовни седници. Советникот Благоја Митровски е избран за нов претседател на Советот. Верификуван е мандатот на новите советници Македонка Здравковска и Билјана Трајковска.**

## ЈАВНИ НАБАВКИ

Согласно Годишниот план за јавни набавки и Плановите за дополна на Годишниот план за јавни набавки беа планирани вкупно 67 постапки од кои беа спроведени и почнати со реализација 66 постапки за јавни набавки или 98,51% реализација.

Од спроведените 66 постапки за јавни набавки две постапки беа двапати поништени, а седум постапки беа по еднаш поништени (или вкупно 11 постапки), што значи дека се спроведени вкупно 77 постапки за јавни набавки.

## ЛЕГАЛИЗАЦИЈА

Од стапувањето на сила на Законот за постапување со бесправно изградени објекти од 2011 година, земајќи ги предвид и продолжените законски рокови за поднесување барања во 2015, 2016 и 2018 година поднесени се вкупно 7.116 барања за легализација на бесправно изградени објекти. Од нив решени се 3.878 предмети, поднесени барања без геодетски елаборат (некомплетни) се 1.930 предмети, а 1.308 комплетирани предмети се во постапка на решавање.

# СО ПОСВЕТЕНО РАБОТЕЊЕ ДО ПОПРОСПЕРИТЕТНА ОПШТИНА



***Почитувани сограѓани,***

*Минатата година успеавме да реализираме голем дел од планираните проекти со единствена цел подобрување на квалитетот на живот на сите граѓани. Посебно не радува податокот дека најголемиот дел од реализираните проекти беа посочени токму од вас граѓаните, како приоритетни, што за нас беше обврска да ги реализираме во најбрз можен рок, се разбира во рамките на можностите.*

*Со домаќинско работење и неселективен пристап кон сите граѓани и населени места, успеавме да оствариме солидни резултати во локалниот економски развој, во патната, во комуналната и во енергетската инфраструктура, во образованието, во детската заштита, во урбанизмот, екологијата, културата, спортот и другите сфери на општественото живеење.*

***Почитувани сограѓани,***

*Интензивно работевме на реализација на повеќе капитални проекти, од витален интерес за сите жители, коишто всушност беа наш приоритет. Во таа насока извршивме доградба на градинката „Гоце Делчев“ со што комплетно го решаваме проблемот со згрижување на деца во градинка на територијата на Општината. По барање на жителите, на местото на старата амбуланта во населба Илинден која што се користеше речиси половина век, се гради нов модерен објект во кој ќе биде сместен здравствениот дом.*

*Во областа на патната инфраструктура изградени, реконструирани, санирани и рехабилитирани се 83 локални патишта, улици, пешачки патеки и тротоари во вкупна должина од 12.401 метар. Изграден е канализациски систем во должина од 6.000 метри, поставени се 170 шахти и комплетно е изграден еден препумпен уред, а на канализацијата се приклучени 410 нови корисници.*

*Поставена е нова водоводна мрежа во должина од 1.852 метра, како и нови линии на улично осветлување во должина од 4.550 метри. Истовремено, во насока на зачувување на здравата и чиста животна средина исчистени се 38.300 метри отворени одводни канали.*

*Континуирано се работеше на опремување и модернизирање на јавните општински комунални претпријатија, притоа, меѓу другото, набавени се две специјални комунални возила за собирање и транспортирање на комунален отпад од 20м³ и од 21м³, како и цистерна за фекални отпадни води со капацитет од 5м³.*

***Почитувани сограѓани,***

*Продолживме со доделувањето на еднократна парична помош за новороденче, субвенции за купување на велосипеди, субвенции за купување на инвертер клими или соларни панели, доделување на еднократна финансиска парична помош за поддршка на младите претприемачи, како и доделување на еднократна финансиска поддршка за спортисти коишто се жители на Општината.*

*Ова се само дел од проектите што ги реализиравме, а за кои поопширно ве информираме преку овој Извештај за работењето на Општина Илинден во 2024 година, што е достапен и во електронска форма. Податоците и информациите во Отчетот доволно зборуваат за приоритетите на локалната самоуправа во изминатата година.*

***Почитувани сограѓани,***

*Сакам да Ви искажам голема благодарност за досегашната доверба, за поддршката што ми ја давате во моментите кога е најпотребно, без која тешко ќе го оствaревме сето она што го планиравме за годинава што измина. Но, оваа поддршка истовремено е и голема обврска во иднина, со уште посилно темпо, да продолжиме со реализација на капитални проекти кои што ќе донесат подобро утре за сите нас. Посветено да работиме како и досега, да создадеме попросперитетна општина, која цврсто чекори по патот на развојот, обезбедувајќи посветла иднина и поквалитетен живот на сите свои жители во сите населени места.*

*Продолжуваме заедно, за подобра Општина Илинден !*

***М-р Александар Георгиевски***

Градоначалник на Општина Илинден

# ИЗГРАДЕНА И ПРЕДАДЕНА ВО УПОТРЕБА ДОГРАДБАТА НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

Во присуство на голем број граѓани, родители и деца во употреба беа предадени новите простории, односно доградбата на детската градинка „Гоце Делчев“. На свеченоста, покрај градоначалникот присуствуваа премиерот на Република Македонија, Христијан Мицкоски, министерот за социјална политика, демографија и млади Фатмир Лимани, пратеници и советници.

Изградбата на објектот траеше околу девет месеци и беше реализирана со средства комплетно обезбедени од Буџетот на Општината, а опремата обезбедена од







Министерството за социјална политика, демографија и млади. Новиот дел од градинката е со површина од 300 метри квадратни, се состои од две затворени и две отворени занимални (тераси), посебен влез со хол, тријажа и чајна кујна.

Во овој дел од градинката се сместени најмалите дечиња, односно јаслените групи, но со можност во иднина тука да се згрижуваат дечиња од сите возрасти, односно до 6 годишна возраст. Овој објект, согласно потребите, може да згрижува и до 60-тина дечиња.

Со пуштањето во употреба на новиот дел од градинката комплетно се решава проблемот со згрижување на деца во градинка на територијата на Општината, односно листата на чекање за упис во градинка е практично нула, со што Општината е една од ретките општини во скопскиот регион кои немаат проблем со згрижувањето на деца, а е со најголем прираст на население.





# НОВ ЗДРАВСТВЕН ДОМ

По барање на жителите на Општината, на местото на старата амбуланта во населба Илинден која што се користеше речиси половина век, се гради нов модерен објект во кој ќе биде сместен здравствениот дом.

Новиот здравствен дом ќе зафаќа бруто површина од околу 600 метри квадратни, ќе биде изграден на два ката, два влеза (преден и заден влез), две чекални, два шалтера, четири тоалети и 14 ординации. Во надворешниот дел ќе се обезбеди паркинг простор, а просторот околу домот ќе биде партерно и хортикултурно уреден.

Со неговата  изградба на граѓаните ќе им се овозможи широк спектар на здравствени услуги во местото на живеење, со што



повеќе не ќе мораат да патуваат по дваесеттина километри за своите здравствени потреби. Во новиот здравствен дом, покрај основната здравствена заштита ќе има можност и за други специјалистички здравствени услуги.

Увид во текот на градежните активности, заедно со градоначалникот Александар Георгиевски изврши и министерот за здравство Арбен Таравари придружувани со заменик министерот за здравство, Јовица Андоновски.



# ПОКВАЛИТЕТНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТЕЊЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

- Реализирани се сет мерки и активности за подобрување на условите за работа на вработените во општинската администрација во повеќе области. Набавени се нови 25 компјутери, 7 принтери со скенери, 20 мобилни апарати и службени броеви, после долги години се изврши уредување и реновирање на работните простории, притоа се олеснува работењето на вработените, а се подобруваат и услугите кон граѓаните. Во изминатиов период за прв пат од кога постои Општината, во соработка со државниот архив извршен е целосен опис и попис на архивскиот материјал од трајна вредност, како и документарен материјал со кои располага Општината. Притоа, беа обработени вкупно 284 архивски кутии со архивски материјал од трајна вредност и 613 архивски кутии со документарен материјал со изминати рокови на чување, за кој беше добиена согласност од Државниот архив за негово уништување.




**Во општинската администација вкупно вработени се 33 лица. Од нив 29 лица на неопределено време и четири лица по договор на дело.**

## ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА КУПУВАЊЕ ИНВЕРТЕР КЛИМИ ИЛИ СОЛАРНИ ПАНЕЛИ

Со цел да се стимулираат граѓаните за употреба на високоефикасни уреди за затоплување или ладење на своите домови, кои се поекономични, енергетски поефикасни и еколошки прифатливи за околината, доделени се 54 решенија за еднократна парична помош во висина од 10.000 денари за субвенции за клими и соларни панели.

Грижата и поддршката за граѓаните е секогаш приоритет на Општината, такашто истата, со доделување на субвенции, ќе продолжи и во наредниот период.



## ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ

**Доделени се 126 решенија за еднократна парична помош во висина од 5.000 денари за новороденче, по поднесени барања за парична помош.**



# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СПОРТИСТИТЕ

Грижата и поддршката на индивидуалните и клубските спортисти е еден од приоритетите на Општината, па во таа насока и годинава беа доделени 16 решенија за еднократна финансиска поддршка за спортисти коишто се жители на Општината.

Оваа мерка содржи повеќе категории, а износот што го доделува Општината како финансиска поддршка изнесува, за прва категорија во висина до 130.000,00 денари, втора категорија во висина до 120.000,00 денари, трета категорија во висина до 90.000,00 денари, четврта категорија во висина до 60.000,00 денари и петта категорија во висина до 30.000,00 денари, додека за младинските категории 50% од предвидените суми.

Целта на оваа мерка е да се наградат оние што оствариле големи успеси во делот на спортот, како и да се стимулираат останатите за постигнување големи победи на спортските натпревари.

## ПОДДРШКА ЗА МЛАДИТЕ ПРЕТПРИЕМАЧИ

Со цел поддршка на младите претприемачи Општината и годинава додели еднократна парична помош, согласно Програмата за финансиска поддршка на целни групи граѓани, млади претприемачи чиј бизнис е со седиште на територија на Општината.

Висината на финансиската помош за младите претприемачи е во висина од 6.000 денари.

На Јавниот повик право на учество има секое полнолетно лице со навршени најмногу 34 години живот што регистрира трговско друштво согласно закон во Централен регистар за трговски друштва и други правни лица во календарската 2024 година со седиште на територија на Општината.



## СУБВЕНЦИИ ЗА КУПУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ

Со цел да се стимулираат граѓаните почесто да ги користат велосипедите и велосипедските патеки со што ќе се придонесе за поздрава и почиста животна средина и здрави навики за живеење, Општината и годинава ја реализираше мерката за субвенционирање на купување на велосипеди. Доделени се 73 решенија за еднократна парична помош во висина од 50% од сумата за која што е купен велосипедот или, максимум до 4.000 денари по велосипед.

ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

# ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, САНАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА



*Еден од главните приоритети на локалната самоуправа остана реализацијата на капитални проекти од областа на патната инфраструктура. Со подобрувањето и модернизирањето на локалната патна инфраструктура во рамките на проектот за Изградба, реконструкција, санација и рехабилитација на локалните улици и патишта, како и подобрувањето на инфраструктурата во локалните економски зони не само што се придонесува за локалниот економски развој и обезбедување подобри услови за влез на нови инвестиции, туку и се овозможува многу поквалитетен живот за сите жители на Општината. Истовремено, континуирано вложување во подобрувањето на локалната патна инфраструктура обезбедува многу поголема безбедност на сите учесници во сообраќајот, а особено на најзагрозената категорија на учесници во сообраќајот, пешаците и велосипедистите.*

***Во таа насока, изградени, реконструирани, санирани и рехабилитирани се 83 локални патишта, улици, пешачки патеки и тротоари во вкупна должина од 12.401 метри.***





# КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА И АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА „9“ И УЛИЦА „532“ ВО НАСЕЛБА ИЛИНДЕН

Извршено е асфалтирање на коловозот со два слоја на асфалт во должина од 815 метри и широчина од шест метри. Притоа, од едната страна на улицата асфалтиран е тротоар во должина од 500 метри, додека од другата страна изградена е пешачка патека со бекатон плочки во должина од 450 метри и широчина од два метра, како и зафаќање на атмосферските води од коловозот.

Улицата е од големо значење за жителите на Општината бидејќи претставува една од главните сообраќајници. Нејзината комплетна реконструкција значително ќе ја подобри патната сообраќајна инфраструктура во општината особено поврзувањето на јавните општински установи што ги поврзува оваа улица, односно спортската сала, средното општинско училиште и детската градинка.



## ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

# АСФАЛТИРАН ЛОКАЛНИОТ ПАТ КАДИНО - МРАЛИНО ВО ДОЛЖИНА ОД 500 МЕТРИ



Со реконструкцијата на оваа улица на која е воспоставен систем за одведување на атмосферските води од коловозот се овозможува поголема безбедност на учесниците во сообраќајот и се подобрува секојдневната комуникација на граѓаните од овие населени места со административниот дел на Општината, со што значително се намалува времетраењето на патување до нивните работни места.






# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА „8“ ВО НАСЕЛБА ИЛИНДЕН

Асфалтирани се 250 метри од вкупно планираните 550 метри од оваа улица, пришто покрај асфалтирањето се гради и нов тротоар во должина од 300 метри, како и зафаќање на атмосферските води од коловозот. Поставена е комплетна хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација и е обележан паркинг во функција на потребите на жителите. Улица „8“ претставува главна сообраќајна артерија и поврзува повеќе стопански субјекти и Здравствениот дом. Првата фаза од реализација на проектот се имплементира во соработка со Министерството за транспорт и врски, со обезбедени средства од Светска Банка.





- **Во населбата Јака асфалтирана е улица „109“, со должина од 430 метри**

Покрај изградбата и асфалтирањето оваа улица доби и пешачка патека во должина од 350 метри.

- **Асфалтирани се два крака 11 и 12 од улица „500“ во Марино, со вкупна должина од 250 метри**

Овие улици претходно беа оштетени поради изградбата на фекалната канализација.



- **Асфалтирани се два крака 6 и 7 од улица „500“ во Марино, со вкупна должина од 280 метри**

Двата крака беа оштетени поради изградбата на фекалната канализација.



- **Извршено е асфалтирање на улица „13“ во населба Илинден, во должина од 300 метри и широчина од четири метри**

Покрај асфалтирањето со градежните работи на улицата беше опфатено и одведувањето на атмосферските води.

Улицата е од големо значење за жителите во овој дел на општината, затоа што ги поврзува улиците „19“ и „9“ и минува крај Домот на културата „Илинден“.



- **Нов асфалт добија два крака на улица „1“ во населено место Дељадровци, во вкупна должина од околу 170 метри**



- **Асфалтирани се две улици во населено место Текија, односно улицата кај подрачното основно училиште и улицата „1“ со вкупна должина од 220 метри**





- **Во Марино асфалтирани се улица „409“ во должина од 220 метри, улица „410“ во должина од 240 метри, делот што ги спојува овие две улици со должина од 90 метри, како и крак на улица „406“ во должина од 90 метри**

Покрај асфалтирањето на овие улици што беа оштетени со изградбата на фекална канализација, со градежните работи беше опфатено и одведување на атмосферските води.



- **Се асфалтираше крак од улица „531“ во Марино во должина од 50 метри**
- **Асфалтиран е крак 2 на улица „7“ во Кадино, во должина од 160 метри**
- **Асфалтиран е крак 4 на улица „7“ во Кадино, во должина од 90 метри**
- **Асфалтиран е крак 5 на улица „7“ во Кадино, во должина од 90 метри**
- **Асфалтиран е дел од улица „2“ и улица „7“ во населба Илинден, во должина од 100 метри**

**ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА**

# ИЗГРАДБА И ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ЛОКАЛНИТЕ ЕКОНОМСКИ ЗОНИ



- **Целосно е реконструирана и асфалтирана улица „11“ во Стопански комплекс Илинден, во должина од околу 600 метри**

Оваа улица е од големо значење бидејќи претставува главна сообраќајна конекција во индустриската зона каде што гравитираат голем дел од компаниите.





- **Асфалтирана е улица „36“ во локалната економска зона „Карагач“ во населба Илинден, улицата во должина од 680 метри и широчина од 6 метри коловоз.**

Оваа улица е од големо значење бидејќи претставува главна сообраќајница за локалната економска зона „Карагач“ и ги поврзува населените места Ајватовци, Бунарџик, Бучинци, Мршевци, Бујковци и останатите населени меска со населба Илинден.



- **Асфалт доби новата улица „6“ во локалната економска зона Ограѓе, во населба Илинден, во должина од 120 метри и широчина 5,5 метри. По целата должина на улицата од двете страни изградена е и пешачка патека во широчина од 2,5 метри.**

Станува збор за сервисна улица со која се поврзува новото подрачно основно училиште „Гоце Делчев“ и Домот за стари лица што е во интензивна градба, но е од големо значење и за функционалноста на стопанските субјекти што се наоѓаат во овој дел на населба Илинден.

Овој проект се реализираше во соработка со компанијата АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ Скопје, којашто како општествено одговорна компанија учествува во реализацијата на градежните работи на терен.



- **Изградена и асфалтирана е улица „5“ во Стопански комплекс Илинден во должина од 110 метри.**

Изградбата на оваа улица е од големо значење за секојдневното функционирање на локалните компании коишто гравитираат во тој дел на економската зона.



- **Асфалтиран е спојот на улица „10“ и улица „1“ во локалната економска зона Ограѓе, во населба Илинден**

Станува збор за доста важен дел од овие две улици, затоа што е од големо значење за функционалноста на стопанските субјекти коишто се наоѓаат во овој дел на локалната економска зона Ограѓе, како и за растоварување на утринскиот сообраќаен метеж кај новото подрачно основно училиште „Гоце Делчев“. Покрај асфалтирањето на овој дел поставени се и цевки под коловозот со цел одведување на атмосферските води.

# ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

- Санација на дел од улица „27“ во населба Илинден, во должина од 200 метри
- Санација на спој на улица „9“ и улица „1“ во Ограѓа Илинден, во должина од 100 метри
- Санација на улица „410“ Марино, во должина од 100 метри
- Санација на улица „400“ Марино, во должина од 70 метри
- Санација на крак 3 на улица „2“ во населба Илинден, во должина од 120 метри
- Санација на крак на патот кај гробиштата во населба Илинден, во должина од 60 метри
- Санација на крак на улица „19“ во населба Илинден, во должина од 30 метри
- Санација на улица „12“ во населба Илинден, во должина од 240 метри
- Санација на крак на улица „30“ лево после рампата во населба Илинден, во должина од 100 метри
- Санација на крак на улица „8“ во населба Илинден, во должина од 50 метри
- Санација на дел од улица „10“ во населба Илинден, во должина од 20 метри
- Санација на крак на улица „3“ во Кадино, во должина од 70 метри
- Санација на дел од улица „4“ во населба Илинден-Плац, во должина од 180 метри
- Санација на крак „1“ на улица „1“ во населба Илинден-Плац, во должина од 80 метри
- Санација на крак „2“ на улица „1“ во населба Илинден-Плац, во должина од 120 метри
- Санација на крак „3“ на улица „1“ во населба Илинден-Плац, во должина од 30 метри
- Санација на крак „3“ на улица „2“ во населба Илинден-Плац, во должина од 50 метри



- Санација на крак на улица „9“ (спроти пошта) во населба Илинден, во должина од 50 метри
- Санација на крак на улица „500“ во Марино (спроти црквата), во должина од 110 метри
- Санација на крак „8“ на улица „8“ во населба Илинден, во должина од 50 метри
- Санација на крак на улица „7“, до канал во населба Илинден-Плац, во должина од 120 метри
- Санација на дел од улица „7“ во населба Илинден-Плац, во должина од 80 метри
- Санација на дел од улица „104“ во населба Јака-Марино, во должина од 60 метри
- Санација на крак на улица „500“ во Марино, во должина од 30 метри
- Санација на дел од улица „11“ во Кадино, во должина од 50 метри
- Санација на дел од улица „4“ во Мралино во должина од 120 метри
- Санација на крак покрај фудбалското игралиште во Бунарџик, во должина 150 метри
- Санација на улица пред црква кон Ајватовци во Бунарџик, во должина од 560 метри
- Санација на крак на улица „3“ во Бунарџик, во должина од 50 метри
- Санација на крак на улица „19“ во населба Илинден, во должина од 120 метри
- Санација на крак на улица „30“ во Илинден (гребен асфалт) 70 метри
- Санација на крак „1“ на улица „2“ во Миладиновци, во должина од 200 метри
- Санација на улица пред мостот во Текија, во должина од 90 метри
- Санација на крак на улица „1“ во Текија, во должина од 40 метри
- Санација на крак на крајот на улица „500“ во Марино, во должина од 30 метри
- Санација на крак „12“ во Марино, во должина од 30 метри
- Санација на крак на улица „15“ во населба Илинден, во должина од 30 метри
- Санација на крак на улица „19“во населба Илинден, во должина од 30 метри
- Санација на крак во Мршевци (кај гробиштата), во должина од 30 метри
- Санација на крак на улица „5“ во Кадино, во должина од 90 метри
- Санација на крак на улица „1“ во Мралино пред мостот, во должина од 30 метри
- Санација на улица „6“ покрај гробиштата во Бунарџик, во должина од 280 метри
- Санација на крак на улица „2“ во Миладиновци, во должина од 80 метри
- Санација на крак на улица „11“ во Кадино, во должина од 100 метри
- Санација на улица „6“ во населба Илинден, во должина од 30 метри
- Санација на улица во Јака, во должина од 110 метри
- Санација на крак на улица „2“ во Миладиновци, во должина од 130 метри
- Санација на крак на улица „2“ во Миладиновци, во должина од 30 метри
- Санација на улици во Мралино, во должина од 300 метри



# ВО БУНАРЏИК Е ИЗГРАДЕН НОВ ВИДИКОВЕЦ

Жителите добија ново место за релаксација и рекреација. Во Бунарџик е изграден видиковец од бетон, поставени се клупи, корпи за отпадоци, просторот е осветлен и хортикултурно уреден. Овој проект се реализира заедно со општествено одговорни компании.

# НОВА ХОРИЗОНТАЛНА И ВЕРТИКАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Безбедноста на учесниците во сообраќајот, особено на најзагрозената категорија - пешаците и велосипедистите е приоритет во работењето на локалната самоуправа во областа на патната инфраструктура. Во тие рамки во континуитет се реализира Проектот за подобрување на безбедноста во сообраќајот, патна сигнализација и пешачки патеки.



Во рамките на овој проект извршено е поставување на хоризонтална сообраќајна сигнализација на повеќе сообраќајници, во вкупна должина од 25.400 метри.

Заради поголема безбедност на учесниците во сообраќајот извршено бележење на 38 пешачки премини пред училишта, градинката и главни раскрсници низ територијата на Општината.



Истовремено, поставени се 40 сообраќајни знаци и пет сферни огледала по барање на граѓаните и по укажана потреба за регулирање на сообраќајот согласно Сообраќајниот проект одобрен од МВР.



# ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА



Меѓу приоритетните капитални проекти од стратегиско значење за Општината беше и останува изградбата на фекална канализација за прифаќање, третман и одведување на отпадните фекални води од домаќинствата и стопанските објекти. Инвестирањето во комуналната инфраструктура е од огромно значење за локалниот економски развој, како и унапредувањето и заштитата на животната средина со што се овозможува подобрување на квалитетот на живеењето во Општината.

Приоритет во изградбата на канализацискиот систем имаа пониските делови од Општината, каде што е повисоко нивото на подземните води. Покрај изградбата на нова канализациска мрежа се продолжи со приклучување на домаќинствата и стопанските субјекти на фекалната канализација.

**Изграден е канализациски систем во должина од 6.000 метри, поставени се 170 шахти и комплетно е изграден еден препумпен уред. На канализацијата се приклучени 410 нови корисници, така што во моментот со фекална канализација се опфатени вкупно 3.614 домаќинства и стопански објекти.**

# СО КАНАЛИЗАЦИЈА ПОКРИЕНИ НАЈНИСКИТЕ ДЕЛОВИ ОД НАСЕЛБА ИЛИНДЕН

Се градеше втората фаза од изградбата на фекална канализација во населба Илинден, во месноста викана Плац, во должина од 4.200 метри, од која досега се изградени 2.700 метри.

Фекалната канализација од овој дел на населба Илинден се поврзува со веќе изградениот колекторски систем за фекална канализација, што е поставен на двете страни на главниот отворен канал што минува низ населените места Илинден и Марино и фекалните води ќе се спроведат до излезот на насленото место Марино каде што ќе почнат активности за изградба на нова пречистелна станица што ќе ги пречистува отпадните води.

Овој дел од населба Илинден е еден од најниските делови од населбата и досега воопшто не беше третиран за работа, поради својата сложеност за изведба и проблематичноста во реализација на фекалната канализација.

За таа цел стручните служби изготвија нова комплетна техничка документација која го опфаќа овој дел од населбата и која по својата изведба воопшто не е едноставна и лесна, бидејќи има работа и изведба на 2 премини под автотпатот Скопје-Куманово, еден премин под железничката пруга Скопје-Белград.

# ВО КАДИНО СЕ ГРАДИ ЌАНАЛИЗАЦИЈА НА КОЈА ЌЕ СЕ ПРИКЛУЧАТ 100 ДОМАЌИНСТВА




Се гради примарна мрежа со припадни краци на фекалната канализација за дел од населеното место Кадино во вкупна должина од околу 3.500 метри. Оваа мрежа на фекална канализација преку препумпен уред и потисен цевковод се поврзува со веќе изградената пречистителна станица во Кадино.

Фекалната канализација ги опфаќа домаќинствата што немаат фекална канализација, се наоѓаат во еден од најниските делови на населеното место и припаѓаат во источниот и јужниот дел од Кадино.

На овој дел од фекална канализација која во моментов се гради предвидено е да се приклучат приближно 100 домаќинства, додека останатите ќе бидат опфатени во наредниот период со изградбата на останатите фази од овој проект, со што населеното место Кадино ќе биде целосно покриено со систем на фекална канализација.

# ПРИМАРНА МРЕЖА ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ОГРАЃЕ



Во месноста Ограѓе, населба Илинден, се изгради примарна мрежа за фекална канализација во должина од 960 метри, пришто се опфатени домаќинствата од улица „3“, улица „5“, улица „7“ и дел од улица „2“. Оваа мрежа на фекална канализација ќе се поврзи со пречистителната станица. По изградбата на канализацијата овие улици се асфалтирани во вкупна должина од 200 метри.




# НОВА ЛИНИЈА ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ЈАКА

Изградена е нова линија за фекална канализација во населба Јака, во вкупна должина од околу 300 метри, со која се опфатени сите домаќинства од тој дел на Општината. Со изградбата на оваа линија 95% од населбата ќе биде покриена со фекална канализација. Новата канализациона линија ќе биде изведена со полиетелиенски цевки со димезија Ø 250.

# ПОСТАВЕН ПРЕПУМПЕН УРЕД НА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ ИЛИНДЕН-МАРИНО



На левиот крак на колекторскиот систем Илинден-Марино поставен е препумпен уред- што ги зафаќа и препумпува водите од овој крак на колекторскиот систем што е во должина од 2,5 километри и истите ги насочува кон локацијата кадешто ќе се спојуваат двата крака (лев и десен). Со ова се става во функција левиот крак од колекторскиот систем, по што следи приклучување на домаќинствата.

Колекторскиот систем се состои од два крака во вкупна должина од пет километри на кои можат да се приклучат околу 1.130 домаќинства од населените места Илинден и Марино. Дополнително на овој колекторски систем се приклучува и фекалната канализација за дел од населба Илинден од месноста викана Плац.



# ИЗГРАДБА НА НОВА ЛИНИЈА ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА ИЛИНДЕН

Изградба на фекална канализација на улица „9“ во населба Илинден во близина на општинската зграда. Новата линија во должина од околу 150 метри и ги прифаќа отпадните води од околу 10 домаќинства.

Новата линија е дел од фекалната канализација припадна површина 8 Илинден, која што е во должина од околу 4.000 метри и е со можност да бидат опфатени околу 330 домаќинства и други јавни објекти.

# ПОВРЗУВАЊЕ НА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ ИЛИНДЕН-МАРИНО СО ПРЕПУМПЕН УРЕД

Изграден е спој на колекторскиот систем на фекална канализација што минува низ населените места Илинден и Марино со препумпен уред.

Поврзувањето се изврши на претходно изградениот лев и десен колектор за фекална канализација што е во вкупна должина од пет километри и минува по должината на Главниот отворен одводен канал во населените места Илинден и Марино. Во тек е изградба на препумпен уред со потисен цевовод. Спојувањето на двата колектори се вршеше со изведување на градежни работи под нивото на отворениот одводен канал што претставува специфичен и тежок зафат за работа.



# НОВИ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ СТОПАНСКИ КАПАЦИТЕТИ

Поволната бизнис клима, интензивниот развој на економската инфраструктура, во делот на изградба на транспортна, комунална и енергетска инфраструктура во локалните економски зони во изминатиот период, придонесоа повеќе стопански субјекти да го почнат или, да го прошират својот бизнис на територијата на општината.

Проширување на капацитетот направи компанијата „Дени Интернационал“ со изградба на нов деловен објект, магацински простор на површина од околу 12.000 метри квадратни, потоа компанијата „Елмед“, со доградба на индустрискиот објект за производство, сервисирање и складирање на индустриска опрема, како и компанијата „ЈЦС Бард Логистик“ со изградба на производствен погон со магацини на површина од околу 8.000 метри квадратни.

Општината останува отворена за сите домашни и странски инвеститори, со цел отворање на нови работни места и поквалитетен живот на граѓаните.








## ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА КОН КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ ИЛИНДЕН-МАРИНО

Интензивно се работеше на поврзување на домаќинствата кон Колекторскиот систем за фекална канализација во населените места Илинден и Марино, што е во вкупна должина од 5.000 метри. На овој колекторски систем ќе бидат поврзани приближно 2.500 домаќинства од населените места Илинден и Марино, такашто ќе се реши проблемот со одведувањето на фекалните отпадни води и значително ќе се подобри животната средина и квалитетот на живеење на жителите.

# МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОПШТИНСКИ КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

***Возниот парк е збогатен со две специјални возила за собирање на комунален отпад, како и приклучна механизација за одржување на патишта за кроење и кастрење вегетација - МУЛЧЕР***

Во насока на обезбедување на квалитетни и ефикасни комунални  услуги за потребите на граѓаните, континуирано се работеше на опремување и модернизирање на јавните општински комунални претпријатија. Во насока на обновување на стариот и дотраен возен парк за потребите на ЈКП „Илинден“ набавени се две специјални комунални возила за собирање и транспортирање на комунален отпад од 20 м³ и од 21 м³, како и приклучна механизација за одржување на патишта за кроење и кастрење вегетација – МУЛЧЕР.

За поквалитетно одржување на јавната чистота, одржување на јавните зелени површини и паркови набавена е и професионална опрема како моторни коси, моторна дувалка, моторни ножици за кастрење жива ограда и моторен телескопски режач за жива ограда.




## НАБАВЕНА НОВА ЦИСТЕРНА ЗА ЈКП „ВОДОВОД“

Возниот парк на ЈКП „Водовод“ е збогатен со ново возило - цистерна за фекални отпадни води со капацитет од 5м³.

Претпријатието во моментот стопанисува со приближно 50 километри фекална канализациска мрежа, а со набавката на оваа цистерна значително ќе се подобри квалитетот на услугите на ЈКП „Водовод“.






Притоа, набавени се и 98 пластични контејнери за одлагање на отпад од 1,1 м$^3$, 30 пластични садови за отпад од 240 литри, како и 360 пластични садови за отпад од 120 литри.

Континуираното модернизирање и обновување на опремата на јавните комунални претпријатија и овозможувањето на поквалитетна, побрза и поефикасна комунална јавна услуга за граѓаните, придонесе Општината денес да биде една од најчистите во државата и во регионот.

Со цел безбедно одвивање на сообраќајот во сите населени места во зимски услови, успешно беа преземени сите активности за мобилност на зимската служба.




## СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ ОТПАД

**Од страна на ЈКП „Илинден“ е собран комуналниот цврст отпад во вкупна тежина од 6.900 тони и истиот е транспортиран во ЈП „Дрисла“ - Скопје. Притоа се собрани 900 тони растителен отпад, 20 тони стакло, како и пет амбалажа, најлон и лименки со вкупна тежина од над шест тона.**

# МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА





Со цел поквалитетни услуги, побезбедна и поздрава вода за пиење на граѓаните, како и зголемување на капацитетот на водоснабдувањето, континуирано се работеше на обнова и модернизација на главната водоводна мрежа.

Поставена е нова водоводна мрежа во должина од 1.852 метра, а на водоводниот систем приклучени се 81 домќинство и стопански објекти.

- Поради честите дефекти и загуби на вода на водоводната мрежа на ул. „9“ во





населба Илинден и улица „532“ во Марино, односно на потегот од Халк Банка до Црна река Петрол во должина од 600 метри беше извршена замена на старите ПВЦ цевки со нови полиетиленски.

- Исто така, се работше и на обнова и модернизација на главниот водоснабдителен систем во Кадино во должина од 700 метри, на дел од ул. „1“, односно на потегот од крстосницата кон Мралино (Маркет Деби), до крстосницата кај млинот Златно Зрно на улица „10“ во Кадино.





## ИЛИНДЕН - СВЕТЛА ОПШТИНА

# НОВИ ЛИНИИ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ОПШТИНАТА



Со поставување на нови линии на улично осветлување во должина од 4.550 метри, поставување на 60 електрични столбови, 109 комплет нови електрични светилки, отстранување на оштетените сијалични места и вградување нови и тековно одржување во сите населени места, продолжи успешната реализација на проектот „Илинден-Светла општина“.

- Поставена е нова линија во Јака на дел од улиците „103“, „112“, „114“, „116“ и дел од улица „118“ во должина од 1.300 метри
- Во населено место Бујковци поставена е нова линија на улица „6“ во должина од 250 метри
- Поставена е нова линија во населено место Кадино на улица „8“ во должина од 300 метри





- Во Јака на улица „108“ поставена е нова линија во должина од 300 метри
- Во Мршевци на улица „1“ линија во должина од 300 метри
- На улица „1“ во Дељадровци линија во должина од 180 метри
- Во Миладиновци на улица „1“ поставена е нова линија на улично осветлување во должина од 100 метри
- Кај кошаркарското игралиште во Мралино поставена е линија во должина од 80 метри
- Во Марино на краци од улица „500“ и улица „540“ поставена е линија во должина од 400 метри

Со цел посветла Општина заедно со ЈКП „Илинден“ Општината и во наредниот период ќе продолжат со поставувањето на нови линии во сите населени места.







ЕКОЛОГИЈА



# „ЗЕЛЕНА ОПШТИНА ИЛИНДЕН“

Со цел да се придонесе за подобрување на квалитетот на воздухот, здрава и чиста животната средина, како и подобрување на условите за живеење и квалитетот на живот, во континуитет се реализира проектот „Зелена Општина Илинден“. Заштитата и унапредувањето на животната средина претставува еден од приоритетите во работењето на локалната самоуправа, затоа што со неговата реализација се придонесува за еколошки почиста општина, како и за подигнување на еколошката свест.



Заедно со општествено одговорни компании, граѓани, ученици, јавните претпријатија, општинската администрација, се садеше покрај пешачко-велосипедските патеки, покрај улици, патишта, училиштата, детската градинка, спортските терени, кај амбулантата и паркот во Миладиновци, паркот во Дељадровци, пределот на Ајватовски рид и други јавни површини.

Општината упатува голема благодарност до општествено одговорните компании ОКТА, ТАВ, Пекабеско, Дени Интернационал, НИКИ Инвест, МАН, Мулти Пром, Компанија Атанасовски, кои ја покажаа грижата за екологијата преку донирање на садници.



# ЕКОЛОШКА АКЦИЈА „ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД 2024“

Општината се вклучи во големата еколошка акција „Генералка викенд“ којашто е во организација на „Мен енд маунтен“, а со поддршка на Пивара Скопје, Пакомак и Нула Отпад. Целта на оваа акција е да се подигне еколошката свест на граѓаните за почиста и поздрава животна средина, но и да упати апел до нив да покажат поголема грижа за природата и природните ресурси, а отпадот да го одлагаат на места соодветно определени за таа намена.

Како дел од акцијата во која се вклучија општинската администрација, јавните комунални претпријатија, училиштата и граѓаните, се чистеше на повеќе локации на територијата на општината. Во текот на акцијата се вклучија и претставници од Црвен Крст кои се погрижија за безбедноста на учесниците.





# МАСОВНО ПОШУМУВАЊЕ НА АЈВАТОВСКИ РИД

На повеќе локации успешно беше реализирана голема акција за пошумување во рамки на проектот „Зелена Општина Илинден“. Масовно се пошумуваше на Ајватовски рид, делот што беше опфатен со големите пожари и беше уништена шума во површина од 30 хектари, при што за збогатување и обновување на шумскиот фонд, беа засадени 1.100 садници од видот багрем и чемпрес. Во акцијата учествуваа голем број граѓани, ученици, јавните претпријатија, општинската администрација.

# БЕСПЛАТНА АНАЛИЗА НА ПОЧВАТА



Со цел унапредување на земјоделието и оваа година се спроведе акција за испитување на квалитетот на обработливата почва од 20 локации во Општината, во сите населени места. Агрохемиските анализи за квалитет на почва се направени во акредитирана лабораторија на Факултетот за земјоделски науки и храна од Скопје.

Целта на ова испитување е земјоделците да добијат информации за квалитетот на почвата која ја обработуваат за правилно и навремено ѓубрење на културите, зголемување на приносот, намалување на загадувањето на почвата и подобрување на квалитетот на производите.

Заедно со добиените анализи од минатата година, извршено е испитување на околу 40% од обработливата почва на територија на општината. Резултатите од добиените анализи граѓаните имаат можност да ги погледнат директно на официјалната веб страна ilinden.gov.mk.

# ЗА ПРВ ПАТ ОТВОРЕНА ЛАБОРАТОРИЈА ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОДАТА



Во употреба е пуштена нова лабораторија за контрола на квалитетот на водата за пиење, со која раководи ЈКП „Водовод“-Илинден, а се отвора за прв пат од основањето на претпријатието.

Лабораторијата е опремена со најсовремена апаратура и технологија за анализирање на физичко хемиските параметри на водата како и контрола на микробиолошките параметри дефинирани во Правилникот за безбедност на водата за пиење донесен од Агенцијата за храна и ветеринарство. Досега претпријатието го контролираше составот на водата преку соработка со надворешни лаборатории, со земање мостри во правилни временски интервали, а сега тие испитувања ќе ги прави претпријатието пришто ќе бидат заштедени финансиски средства.

Приоритет во работењето на Општината и во работењето на претпријатието е населението да има доволни количества на вода којашто е здравствено исправна и безбедна за пиење. Со набавката на опремата и опремувањето на лабораторијата се достигнува ново ниво во работењето на Општината, како и ЈКП „Водовод“.

# АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИИ







На повеќе локации во општината беше реализирана акција за чистење на дивите депонии.

Со чистењето на дивите депонии значително се придонесува за намалување на аерозагадувањето, како и подобрување на животната средина.

Акцијата е спроведена со апел до сите граѓани да го почитуваат Законот за јавна чистота, да не го оставаат ѓубрето на недозволени места и со своето однесување и еколошка свест да придонесат за поздрава и почиста животна средина.

# ПОСТАВЕНИ УРЕДИ ЗА МЕРЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХ




Во рамки на активностите за следење и мониторирање на квалитетот на амбиенталниот воздух на територија на Општината, на пет локации поставени се посебни уреди за мерење на квалитетот на воздухот.

Мерните уреди се поставени на јавни општински установи во населените места Илинден, Марино, Кадино, Бунарџик и Миладиновци. Тие претставуваат посебни сензори кои детектираат промени на амбиенталниот воздух и преку апликацијата Breathe.mk, се овозможува пријавување на загаденоста на воздухот, поднесување на извештаи за степенот на загаденост на воздухот, со датум, време, локација во живо, ниво на загадувањето што може да се почувствува и друго.

На овој начин секоја промена на воздухот ќе биде регистрирана и ќе се овозможи да се лоцира изворот на загаденоста на воздухот. Овој проект е реализиран во соработка со Здружението за заштита на животната средина ЗАЕДНО ЗА ПРОМЕНА Скопје.

# ПРЕЗЕНТИРАНА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОРГАНСКИ ОТПАД СО КОМПОСТАРА

Во просториите на Домот на култура „Илинден“ се одржа презентација на Физибилити студија за систем за управување со органски отпад со компостара за општините Илинден и Гази Баба.

На презентацијата присуствуваа и претставници од Општина Гази Баба и Скопски плански регион, претставници од јавни комунални претпријатија и општинската администрација.

Во соработка со Центарот за развој на Скопски плански регион овој проект е финансиски поддржан од страна на УНДП, а станува збор за изработка на Физибилити студија и комплетна техничка документација за управување со органски отпад со компостара за двете општини.

Компостирањето е процес на контролирано аеробно разградување на био-разградливите материјали и добивање на краен продукт – копмост, кој може да се користи како органско ѓубриво во земјоделството, градинарството и хортикултурно уредување на паркови и зеленило.



# РАБОТИЛНИЦА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „ПАТЕКИ ЗА ЗЕЛЕНИ МИКРО АКРЕДИТИВИ“




Во рамки на проектот Вештини за зелена транзиција - Патеки за зелени микро акредитиви чиј дел е и Општина Илинден, а во организација на Стопанската комора за мал бизнис, се одржа работилница во просториите на Домот на култура „Илинден“.

Станува збор за проект кој се спроведува преку програмата Еразмус+ што се обидува да ја истражи употребата на микро-акредитиви за усовршување возрасни во области поврзани со Европската агенда за зелени вештини. Проектот настојува да придонесе за развој на заедничка рамка и пристап за опис на програмите и исходи од учењето кои може да се користат во кратки курсеви за надградба на возрасни зелени вештини.



# ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА ВОДАТА - 22 МАРТ

Под мотото „Вода за мир“ беше одбележан Светскиот ден на водата, 22. Март, кој е прогласен според календарот на Обединетите нации.

По тој повод заедно со претставници од ЈКП „Водовод“ беше посетено новото општинско основно училиште „Гоце Делчев“ во населба Илинден, каде што се одржа настан со децињата од прво одделение кои заедно донесоа заклучоци за важноста на водата во човековиот живот.

Децињата за овој ден имаа подготвено активности како цртање и разговори на тема за водата, при што тие на градоначалникот му подарија прекрасни рачно подготвени изработки.

# ДЕРАТИЗАЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕЗИНФЕКЦИЈА



Во рамките на Програмата за спроведување општи мерки за заштита на населението од заразни болести извршена е редовна дератизација за уништување на глодарите и дезинфекција на јавните објекти на територија на Општината.

Со дератизацијата се опфатени 1.096 шахти што се наоѓаат на јавните површини во општината, а дезинфекција е извршена на 3.300 метри квадратни јавни објекти. Истовремено во согласност со елаборатот за спроведување на превентивна дезинсекција за спречување и искоренување на вектор преносливи заболувања, се изврши ларвицидна дезинсекција на водни површини за уништување ларви од комарци. Со третирањето беа опфатени сите водни површини на отворените одводни канали (главни, секундарни и терцијални), речното корито на Сува Река и вештачката акумулација во Бучинци, на вкупна површина од 50 хектари, а извршена е и терестичка дезинсекција за уништување на возрасни форми на комарци на површина од 300 хектари.

# КОНТИНУИРАНО ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА КАНАЛСКАТА МРЕЖА




Поради рамничарскиот терен на кој што се наоѓа општината, подложен на покачување на нивото на подземните води, неопходно е континуирано чистење и одржување на каналската мрежа. Обезбедувањето на проточност на одводната каналска мрежа е процес на континуирано системско работење, уредување, нивелирање, чистење и одржување на каналите.

Во соработка со Водостопанство „Скопско Поле", ЈКП „Илинден", општествено одговорни компании и граѓаните исчистени се 38.300 метри отворени одводни канали од вкупно 120 километри колку што се протегаат на територијата на Општината, а се дел од хидромелиоративниот систем „Скопско Поле".

Редовното одржување на главните, секундарните и терцијалните отворени одводни канали со кои се овозможува зафаќање и непречен проток на атмосферските води и високите подземни води, со што се спречува настанувањето на поплави, останува еден од приоритетите на локалната самоуправа.



# РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО БЕЗДОМНИТЕ КУЧИЊА

По барање на граѓаните и во насока на решавање на проблемот со бездомни и нерегистрирани кучиња се презема доследна примена на одредбите од Законот за заштита и благосостојба на животните.

Приоритет за заловување и третман на бездомни и нерегистрирани кучиња се дава на дворните површини на училиштата, детските градинки, јавните објекти и други фреквентни места и улици во централниот дел на општината.

При заловувањето на кучињата често се утврдува дека тие имаат микрочипови, односно имаат сопственици, поради што за заловување и третман наплатата за услугата се префрла на товар на сопствениците.

За таа цел се апелира до сите сопственици на кучиња, без разлика дали се регистрирани или не, да се грижат за своите миленици и да не ги пуштаат без придружба на сопственикот да се движат на јавни места.

ОБРАЗОВНИЕ

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА МОДЕРЕН ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС И КВАЛИТЕТНА НАСТАВА

***Со цел подобрување на условите во образованието, обезбедување на модерен образовен процес и квалитетна настава, континуирано се работеше на подобрување на училишната инфраструктура и опремувањето на училиштата „Гоце Делчев“, „Браќа Миладиновци“ и „Ристо Крле“, како и средното општинско стручно училиште „Илинден“.***

***Инвестирањето во образованието, особено реализацијата на капитални проекти, се од огромно значење за иднината на една општина, па затоа реконструкцијата и модернизацијата на општинските училишта е еден од приоритетите во работењето. Квалитетното образование е услов за просперитетна иднина на целокупната заедница.***

***Преку обезбедувањето на квалитетни услови за образование и следење на наставата, учениците многу полесно доаѓаат до стекнување на нови знаења и се разбира, можност да ги покажат своите способности.***

## СМАРТ ТАБЛЕТИ ЗА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ

По повод Новогодишните и Божиќните празници градоначалникот Александар Георгиевскки додели 66 смарт таблети во СОСУ „Илинден“. Таблетите ќе бидат искористени за пристап до најновите едукативни апликации, дигитални учебници и други материјали кои што ќе го направат учењето поинтересно и попријатно и ќе им помогнат на учениците да ги доразвијат своите дигитални вештини што се клучни во ова време на дигитализација.






# ОПРЕМУВАЊЕ НА КАБИНЕТИТЕ ВО СОСУ „ИЛИНДЕН“

За да се создаде иновативна и стимулативна средина за учење и стекнување на трајни и одржливи знаења и вештини набавена е нова опрема за кабинетите во Средното општинско стручно училиште „Илинден“. Обезбедени се нови индуктивни декади, капацитативни декади, отпорнички декади, мерачи на вртежи, инфраред термометри, отстранувачи на чад, развојни системи за едукација и вежби (програмабилни логички управувачи, фрекфентни регулатори, развојни плочки за ПИЦ микроконтролери, 3Д принтери, како и едукативни пакети за роботика и автоматика ЛЕГО® МИНДСТОРМС® Робот Инвентор.

# НАБАВЕНО НОВО ВОЗИЛО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ



За потребите на Средното општинско стручно училиште „Илинден“ набавено е ново патничко возило (комбе), Опел Виваро за превоз на лица со капацитет до 8 лица за седење, кое што ќе се користи за потребите на учениците и вработените на училиштето.

Со набавката на ова возило се олеснува организирањето и патувањето на вработените и учениците за екскурзии, натпревари, семинари, работилници кои што се одржуваат надвор од Општината.

# УЧИЛИШНИ РАНЦИ ЗА СИТЕ ПРВАЧИЊА НА ПРВИОТ УЧИЛИШЕН ДЕН

Новата учебна година успешно започна во сите училишта на територија на Општината. Училиштата подготвени ги отворија вратите за околу 2.000 основци и над 300 средношколци, а за прв пат во училишните клупи седнаа околу 170 првачиња, а во СОСУ „Илинден“ во прва година се запишани 68 средношколци.

Градоначалникот Александар Георгиевски по повод почетокот на новата учебна година ги посети општинските основи училишта „Гоце Делчев“, „Ристо Крле“ и „Браќа Миладиновци“ каде што на сите првачиња им подели ранци со училишен прибор и им посака успешен почеток на новата учебна година, успех во совладувањето на наставните содржини и убави спомени од училишните клупи.





# РЕКОНСТРУИРАН ПОКРИВОТ НА ООУ „РИСТО КРЛЕ“ ВО КАДИНО

Извршена е реконструкција на покривната површина на централното општинско основно училиште „Ристо Крле“ во Кадино. Со замената на старата покривна конструкција со нова беше опфатена површина од околу 1.600 метри квадратни, при што е обезбедена хидротермичка изолација, со што се спречува протекување и оштетување на внатрешните простории во оваа образовна институција.

Отстранети се старите салонитни табли кои содржеа азбестни компоненти, отстранети се хоризонталните и вертикалните олуци, поставен е кровен покривач од пластифициран валовит лим. Истовремено поставени се хоризонтални и вертикални олуци, опшивки кај вентилациони канали, како и снегобрани.

ООУ „Ристо Крле“ е изградено пред 44 години, за прв пат се врши замена на покривната површина, а заедно со подрачните објекти во Мралино и Бунарџик учат вкупно 320 ученици.

# ИНВЕСТИЦИИ ВО ООУ „РИСТО КРЛЕ“

Во насока на подобрување на условите во општинското основно училиште „Ристо Крле“ во Кадино беа реализирани повеќе активности, како изградба на нови тоалети за учениците од прво одделение и адаптација на просторија за кујна со цел воведување на продолжен престој.

Се изврши партерно уредување на училишниот двор во подрачното училиште во Мралино на површина од 780 метри квадратни, двор и паркинг за вработените. Исто така, обезбедена е опрема со три фотокопири за централното и подрачните училишта. Извршено е и подобрување на наставниот процес со нови нагледни средства за наставата од прво до петто одделение во подрачното училиште во Бунарџик. Обезбеден е и нов училишен мебел во централното училиште со училишни клупи, столчиња, како и клупи за ходниците и пулт за информации, како и училишни паноа во кабинетите.

# НОВА ОПРЕМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“



Со цел да се подобрат условите за учениците, како и спроведување на квалитетен воспитно образовен процес се инвестираше и во подрачното основно училиште „Гоце Делчев“ во населба Илинден.

За подобрување на квалитетот на часовите по физичко и здравствено образование набавени се 50 метри квадратни мека подлога за заштита на учениците, наречена татами. Училишната кујна-беше збогатена со професионални елементи, (шпорет, фрижидер и масичка), а во делот за одржување на квалитетот на образовниот процес набавени се и три смарт табли.




# НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ НА ДРЖАВНИТЕ НАТПРЕВАРИ НА ПРИЕМ КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Градоначалникот Александар Георгиевски приреди прием за учениците од основните и средното училиште кои што освоија високи места на државните натпревари, при што им додели признанија за постигнатите резултати. На 30-тина ученици и нивните ментори им беа доделени признанија за постигнатиот успех на државните натпревари што се одржаа во текот на годината.

Високи достигнувања имаат учениците на државните натпревари по македонски јазик, англиски јазик, хемија, биологија, природни науки, физичко во ракомет, како и на натпреварот по Информатичко размислување.

# УЧИЛИШЕН ЛЕТЕН КАМП

Општината организираше училишен летен камп во македонските туристички центри за најуспешните 50-тина ученици од општинските основни училишта. Дел од училишниот летен камп имаат можност да бидат учениците кои во текот на учебната година постигнале високи резултати во делот на спортот, првенци на генерација, носители на награди од различни училишни натпревари.



# УЧЕНИЦИ ОД ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНАТА



Во рамки на воспитно-образовната програма во ООУ „Гоце Делчев“, ученици од четврто одделение беа во посета на градоначалникот, Александар Георгиевски и локалната самоуправа. За време на оваа едукативна посета, учениците имаа доста интересни прашања што беа упатени до градоначалникот и работата на локалната самоуправа.

Во рамки на посетата учениците на градоначалникот му подарија и рачно изработен подарок, а имаа можност и да го разгледаат градоначалничкиот кабинет.



# СМАРТ ТАБЛЕТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ И НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА ЗА ДЕЦАТА

По повод Новогодишните и Божикните празници градоначалникот Александар Георгиевскки додели 100 смарт таблети, онаму кадешто е најпотребно, во трите основни училишта на територија на Општината. Смарт уредите се наменети за ученици од прво до осмо одделение, како и за ученици од социјално ранливите семејства, со цел успешно следење на наставата по новиот концепт и програма.

Истовремено, градоначалникот им додели новогодишни пакетчиња на децата со поприпреченост од двете хуманитарни здруженија „Боиме сино“ и „Илинден“ коишто се единствени на територија на Општината со кои локалната самоуправа има потпишано Меморандум за соработка.

# УЧЕНИЦИ ОД ООУ БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ ВО ШВАЈЦАРИЈА

Осум ученици од деветто одделение од ООУ „Браќа Миладиновци“ од Миладиновци со нивниот супервизор – одделенскиот наставник Елена Карагунова престојуваа во Швајцарија како дел од интеркултурната размена во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“.

Во рамки на овој проект учениците престојуваа во Детско село Песталоци во Троген, Швајцарија, каде што со нивните врсници од Македонија и други европски држави посетуваа настава, но и разменуваа искуства во делот на безбедната училишна средина и културата во нивните училишта.



## ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“



Со положување свежо цвеќе пред бистата на Браќа Миладиновци беше одбележан патрониот празник на ООУ „Браќа Миладиновци“ во Миладиновци. По повод патрониот празник од страна на дечињата од детската градинка во Миладиновци беше подготвена приредба во чест на празникот.

## СО БОГАТА ПРОГРАМА ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА ООУ „РИСТО КРЛЕ“



Учениците од ООУ „Ристо Крле“ од Кадино како и подрачните училишта во Мралино и Бунарџик на свечен начин и со повеќедневна програма и активности го одбележаа патрониот празник на училиштето.

Во рамки на одбележувањето во текот на неделата се одржаа повеќе активности во кои беа вклучени учениците. Во подрачното училиште во Мралино се одржаа спортски игри, есенски настан во подрачното училиште во Бунарџик, како и ликовна узложба и свечена завршна приредба во централното училиште во Кадино.

## ПАТРОНАТ НА ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“



Во знакот на фолклорот и традицијата учениците од ООУ „Гоце Делчев“ со бројни активности и културно уметничка програма го одбележаа патронатот на училиштето и 121. годишнина од смртта на македонскиот револуционер Гоце Делчев.

Во рамки на активностите за одбележувањето учениците имаа училишен натпревар по англиски јазик, бројни спортски активности како и богата културно уметничка програма со наслов „Со звуците на фолклорот и традицијата“.

# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ЧЕТИРИ КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ ВО ОПШТИНАТА КАКО ДЕЛ ОД ЈАВНИОТ ПОВИК НА ВЛАДАТА

Општината доби финансиски средства за реализација на четири капитални проекти како учесник во владиниот јавен повик. Средствата се наменети за реализација на капитални проекти коишто ќе овозможат поквалитетен живот на граѓаните од Општината.

Финансиските средства се наменети за реализација на проектот „Изградба на улица „500“, Армирано бетонски плочаст мост над одводниот канал кај Меморијалниот центар во населба Јака, реконструкција на коловозот на локалниот пат Бујковци-Мршевци со одведување на атмосферските води од локалниот пат, изведба на фекална канализација за дел од населено место Кадино колектор К4, како и за изградба на сервисна улица бр. 19 во УП за Илинден, Марино и дел од КО Кадино блок 32.



Градоначалникот Георгиевски упати голема благодарност до премиерот Христијан Мицкоски и Владата на Република Македонија за помошта и поддршката којашто ја доби Општината.

# ОПШТИНАТА ЈА ПОСЕТИ МИНИСТЕРОТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА



Градоначалникот Александар Георгиевски, оствари работна средба со министерот за труд и социјална политика, Ѓоко Велковски, при што во рамки на средбата посетија неколку локации на територија на Општината. Беше извршен увид во градежните активности на доградбата централниот објект на детската градинка „Гоце Делчев“, како и на локацијата кадешто ќе се гради Центар за дневен престој за лица со попреченост. Во рамките на посетата на Општината беше посетена и македонската компанија Пекабеско којашто се наоѓа во локалната економска зона Марино-Кадино, а која претставува една од водечките компании во Македонија.

# МИНИСТЕРОТ ПАНЧЕ ТОШКОВСКИ ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНАТА



Во работна посета на Општината беше министерот за внатрешни работи, Панче Тошковски, при што оствари средба со градоначалникот Александар Георгиевски.

На средбата се разговараше за актуелни теми во однос на функционирањето и работењето на Општината со посебен акцент на состојбата со безбедноста во сообраќајот и потребата од поголема застапеност на припадниците на Министерството за внатрешни работи на територија на Општината.

Имајќи ги предвид сите показатели во делот на локалниот економски раст, како и зголемениот прираст на население, заеднички став на министерот и градоначалникот е потребата од изградба на полициска станица во Општина Илинден. За таа цел се изрази подготвеност од двете страни во наредниот период да се интензивираат активностите во насока на реализација на овој проект.



# СО МАКПЕТРОЛ Е ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КАМПАЊАТА „КРЕНИ ГЛАС ПРОТИВ ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО“

Со компанијата „Макпетрол“ потпишан е Меморандум за соработка за проектот „Крени глас против врсничко насилство“. Меморандумот во којшто се утврдуваат активностите за спроведување на проектот во основните училишта на територија на Општината го потпишаа градоначалникот Александар Георгиевски и директорката на Макпетрол, Марија Јосифовска Спасовска.

За таа цел во училиштата се организираат едукативни предавања и работилници од стручен психотерапевт за учениците од 6, 7, 8 и 9 одделение на тема врсничко насилство, како и дистрибуција на едукативен материјал, со цел препознавање и спречување на врсничкото насилство.




Локалната самоуправа е секогаш отворена за соработка, кога станува збор за грижата на децата од секоја возраст, затоа што нивниот правилен развој е инвестиција во иднината.

## ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА ЗА МЛАДИ

Во организација на Локалниот младински совет, во просториите на Домот на култура „Илинден“ се оджа панел дискусија на тема „Гласот на младите - подобра иднина“. На настанот на кој беа присутни голем број млади учествуваа и пратеничката во Собранието на Република Македонија, Марија Петрушевска, советничката во Советот на Општина Илинден, Драгана Бојковска и претседателот на Локалниот младински совет, Драган Ѓуровски, а присутни беа и претставници од фондацијата Westminster и од ОДАС – Организација за дијалог и афирмација на средношколците.

Целта на оваа панел дискусија беше да се истакне колку е важна вклученоста на младите во носење на одлуки, како и вклученоста на младите во младинските проекти на локално и централно ниво.







## ОТВОРЕНА МЛАДИНСКА КАНЦЕЛАРИЈА

Во просториите на Домот на култура во Марино отворена е младинска канцеларија, којашто има за цел подобрување на квалитетот на живот на младите. Отворањето на оваа младинска канцеларија е во насока на поддршка на волонтерството, заштита на животната средина, проактивна вклученост на младите во културните случувања и процеси и изнаоѓање на форми за што поголема вклученост на младите во спортот, олеснување на преминот на младите од образование кон пазар на труд и мотивирање за нивно стручно надоградување.

Младинската канцеларија е на располагање на граѓанските организации и младите, за да креираат програми и активности во насока на вклучување и информирање на младите луѓе.




## ПОТПИШАН Е МЕМОРАНДУМ ЗА ЗАЕДНИЧКА СОРАБОТКА СО ГРАДОТ ВРАЊЕ

Во насока на воспоставување и одржување на успешно партнерство потпишан е заеднички меморандум за соработка со градот Врање. Меморандумот го потпишаа градоначалникот Александар Георгиевски и градоначалникот на Врање, Слободан Миленковиќ, со што се создадени услови за развој и унапредување на постоечките модалитети за соработка во економијата, културата, образованието, спортот и други области.

Соработката посебно ќе биде насочена кон реализирање на заеднички развојни проекти со посебен акцент за искористување на ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (IPA III) - програма за прекугранична соработка Србија - Македонија 2021-2027.

Дополнително двете страни целосно ги насочуваат своите административни, технички и организациони капацитети за меѓусебна соработка, за реализирање на развојните проекти, различни иницијативи, активности за развој на економијата и културата, организирање на различни манифестации во наредниот период, како и промоција на економските, вклучително и туристичките потенцијали.

Општината и во иднина ќе реализира активности во изнаоѓање на дополнителни извори на финансирање за резлиација на капитални проекти од различни области, се со цел подобрување на квалитетот на живот на граѓаните.

## ПРОМОВИРАНА МОНОГРАФИЈА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИ „ИЛИНДЕН“

Под покровителство на Општината промовирана е првата Монографија на Здружението на пензионери „Илинден“. Во монографијата опфатена е историјата на формирањето, развојот и активностите што се извршени за периодот на 14 години постоење на Здружението на пензионери „Илинден“.

Претседателот на Здружението на пензионери Васе Ѓорѓиевски, на градоначалникот Александар Георгиевски му додели посебна плакета во знак на благодарност за поддршката на Здружението, како и поддршката за издавањето на оваа монографија, во која се впишани сите важни информации од почетокот на формирањето на здружението сѐ до денес.

Општината и во наредниот период ќе продолжи со заложби и ангажман во однос на грижата за пензионерите, со единствена цел да се овозможи подолг, поквалитетен и поудобен живот на пензионерите.





## ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

Се одржа редовна седница на Локалниот Совет за превенција со претставници од надлежни институции, а во рамки на подобрување на јавната безбедност на територија на Општината.

Целта на Локалниот совет за превенција е утврдување на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на Општината, како градење на доверба и партнерски однос и превенција на појавите што негативно влијаат на јавната безбедност.

# СЕ ОДРЖА СРЕДНИЦА НА ШТАБОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Во просториите на Општината се одржа третата седница на Штабот за заштита и спасување со која раководеше командантот, градоначалникот Александар Георгиевски, а покрај членовите од Штабот присуствуваа и претставници од јавните претпријатија од Општината, како и претставници од ОКТА, Макпетрол и ПО Петровец, како и претставник од Општинскиот противпожарен сојуз на Илинден.

На третата редовна седница акцентот на дискусијата беше ставен на состојбата со високите температури, со цел преземање на превентивни мерки за заштита од евентуални пожари на територијата на Општината, како и заштита од можни поплави коишто можат да настанат поради нестабилност на временските услови. На седницата беа дадени и препораки за спречување на настанување и за отстранување на последиците од природни непогоди и други несреќи.





# ЗАЕДНО СО ОПШТИНИТЕ ГАЗИ БАБА, БУТЕЛ И ЧУЧЕР САНДЕВО ПОТПИШАН Е МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЛАГ

Градоначалникот Александар Георгиевски заедно со градоначалниците на општините Гази Баба, Бобан Стефковски, на Бутел, Дарко Костовски и на Чучер Сандево, Сашко Комненовиќ, потпишаа Меморандум за соработка за основање на локална акциона група (ЛАГ).

Со потпишувањето на овој Меморандум сите општини, потписници партнерски учествуваат во основањето на ЛАГ- локална акциона група, при што ќе направат подготовка на Стратегија за ЛАГ за локален развој на руралните средини во овие општини, врз основа на законот за земјоделство и рурален развој.

Со основањето на оваа Локална акциона група треба да се придонесе кон нов пристап за развој на овие четири општини, со што ќе се зголемат можностите за добивање на поголеми финансиски средства за имплементација на проекти.

# УЧЕСТВО НА САЕМОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ „ШАНСА ЗА ТЕБЕ“ ВО ЛЕСКОВАЦ



Градоначалникот Александар Георгиевски беше во дводневна посета на Лесковац, Република Србија кадешто присуствуваше на Саемот за вработување „Шанса за тебе“.

На саемот кој е заедничка иницијатива на Центарот за управување со знаење од Скопје и Центарот за развој на Скопски плански регион на Македонија, како и Центарот за развој на Јабланичкиот и Пчињскиот округ од Лесковац и Општината Власотинце од Србија, присуствуваа голем број градоначалници од Република Македонија и Република Србија, делегации од ЕУ, менаџери, како и баратели на работа.

Станува збор за проект кој цели кон подобрување на механизмите за поддршка на вработливоста и мобилноста на работната сила, поттикнува воведување на нови пристапи и соработка меѓу јавниот и приватниот сектор и придонесува за зголемување на капацитетите и компетенциите на јавниот и приватниот сектор за спроведување на програми за вработување.

## ХРИСТИЈАН МИТЕВСКИ БЕШЕ СПЕЦИЈАЛЕН ГОСТИН НА ОПШТИНАТА



Специјален гостин на Општината и на градоначалникот Александар Георгиевски беше Христијан Митевски од Штип, личност со попреченост, но полн со идеи, со живот, позитивна енергија, широко срце за дружење. Тој се обидува да придонесе да се подобри општеството, во кое ќе преовладува почитта, мирот, разбирањето и љубовта, но и општество во кое треба да имаме европски вредности.



## ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА „ПОДАЈ РАКА-ХУМАНА ОПШТИНА ИЛИНДЕН“

Беше реализирана хуманитарна акција за донација на храна и хигиенски производи, наменети за социјално загрозената категорија на граѓани на територија на Општината.

Хуманитарната акција се спроведува во соработка со Црвениот крст и бизнис заедницата, коишто несебично подадоа рака на ранливите категории граѓани од Општината. Во рамки на акцијата под мотото „Подај рака-хумана општина Илинден“, обезбедени се околу 200 хуманитарни пакети со храна и хигиенски производи што ги донираа општествено одговорните компании ТАВ Македонија, Гранд Слот Клуб, Дени Интернационал, Пекабеско, МАН, СИГО, Ависо.

## УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАНА КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА

По повод националниот празник на македонскиот народ и патрониот празник на Општината „Илинден 2-ри Август“ во соработка со Црвениот крст и Институтот за трансфузиона медицина, во просториите на Домот на култура „Илинден“ успешно се реализираше крводарителска акција. Во акцијата којашто имаше голем одзив, граѓаните со дарување на крв уште еднаш ја покажаа својата хуманост на дело.





## ПЛАКЕТА ЗА НАЦЕ ПЕТРУШЕВСКИ, БОРЕЦ ОД ИЛИНДЕН ВО НОБ

По повод одбележувањето на 13 Ноември, 80-ет години од ослободувањето на Скопје, градоначалникот Александар Георгиевски го посети Наце Петрушевски од населено место Бучинци кој има 103 години и е единствениот жив борец од Илинден што учествувал во НОБ.

При посетата градоначалникот на дедо Наце му врачи плакета за особен придонес и учество во Народно ослободителната борба на Македонија.

Во посета кај Наце Петрушевски беше и Никола Ангеловски - Коле, најмлад курир учесник во НОБ, при што тие раскажуваа за нивниот животен пат и борба за слободна Македонија.




# СЕ ОДРЖА 10. МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ „СВ.ТРОИЦА“



Со поддршка од Општината, а во организација на КУД „Гоце Марковски“ од Долно Лисиче во прекрасен амбиент на амфитеатарот „Галерија на отворено“ при Домот на култура „Илинден“, се одржа 10. Меѓународен фолклорен фестивал „Св. Троица“. На Фестивалот настапија културно уметничките друштва од земјата и странство.

Фестивалот беше отворен со дефиле во кое сите учесници тргнувајќи од пред ПОУ „Гоце Делчев“ придружувани со зурли и тапани се движеа по главната улица во населба Илинден, кон кружниот тек, каде што се играше најголемото интернационално оро во Општината, се до Домот на култура „Илинден“.

На фестивалот учествуваа културно уметнучките друштва од Украина, Романија, Молдавија, Бугарија, Турција, Србија, Босна и









Херцеговина, како и неколку ансамбли од Скопје, КУД „Гоце Маркоски“, АНПИ „Илинден“, ФА „Седенка“ и ансамбл „Ѓорче Петров“.

Градоначалникот Александар Георгиевски на учесниците им додели плакети за придонес во културата и културните вредности.

Фестивалот има за цел преку фолклорот да се направи зближување меѓу народите, запознавање на нови пријателства, дружење, едукација на младите за Македонскиот фолклор, култура и традиција, запознавање со нови култури и традиции, презентација на Македонија и сите убавини, размена на знаења и искуства, отворање на портите кон нови патувања на нашите играорци.

## ГОДИШЕН КОНЦЕРТ НА АНСАМБЛОТ ЗА НАРОДНИ ПЕСНИ И ИГРИ „ИЛИНДЕН“

Во Домот на култура „Илинден“ се одржа годишниот целовечерен концерт на Ансамблот за народни песни и игри „Илинден“. Љубителите на културата и традицијата имаа можност да уживаат во прекрасно изведени традиционални македонски ора од Ансамблот што е основан на почетокот од 2012 година.



# СВЕЧЕНО ПРОСЛАВЕН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА ОПШТИНАТА „ИЛИНДЕН 2-РИ АВГУСТ“

Во комплексот на Домот на култура „Илинден“ се одржа централната манифестација по повод одбележувањето на патрониот празник на Општината „Илинден 2-ри Август“ и националниот празник на македонскиот народ. На пригодната свеченост честитајќи им го празникот, на присутните им се обрати градоначалникот Александар Георгиевски, кој ја искористи можноста да искаже голема благодарност до сите граѓани, како и до здруженија на граѓани, бизнис секторот, до членовите на Советот на Општината, вработените во општинската администрација, вработените во општинските претпријатија, просветните работници кои даваат особен придонес во развојот на Општината.



За забавниот дел од одбележувањето се погрижија нашите познати естрадни уметници Андријана Јаневска и Александар Тарабунов, како и хорот на Здружението на пензионери „Илинден“.





# ОДБЕЛЕЖАН ПРАЗНИКОТ СВЕТИ КОНСТАНТИН И ЕЛЕНА

По повод големиот христијански празник Свети Константин и Елена, во присуство на голем број верници во новоизградениот црковен храм „Св. Константин и Елена“ се одржа литургија на која чиноначалствуваа Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан и преосветениот Епископ Дељадровско-Илинденски г. Јоаким со повеќе свештенослужители.



## БАДНИК

Во Домот на култура „Илинден“ градоначалникот Александар Георгиевски ги пречека младите коледари кои со песна ја вознесоа веста за Христовото раѓање. На Бадниковите коледари градоначалникот им подари коледарско пакетче.





## ДЕТСКА НЕДЕЛА

Под мотото „Правата на детето - безбеден чекор кон среќно детство!“, првачињата од основните училишта ја одбележаа „Детската недела“ и станаа членови на Детската организација. На овој значаен ден за нив тие дадоа свечена заклетва, а во таа чест нивните поголеми другарчиња им приредија културно уметничка програма, во која дечињата глумеа, играа, пееја и другаруваа. За време на свеченоста децата се запознаа со Детската организација, нејзиното значење, детските права и одговорностите кон училиштето.

Во рамките на „Детската недела“ во општинските основни училишта се одржаа разни работилници, во кои децата активно учествуваа, како и посета на јавни институции, пришто дел од учениците беа во посета и кај градоначалникот Александар Георгиевски и општинската администрација.



## ШАРЕНИЛО ОД МАСКИ НА АПРИЛИЈАДА 2024

Шаренило од маски го исполни комплексот на Домот на култура „Илинден“ по повод Денот на шегата 1-ви Април. Супер херои, самовили, пчелки, војници, пеперутки, принцези, со разни костуми учениците од Илинден ја изразија својата бујна фантазија на дефиле под маски.



## ОПШТИНАТА СО ПОДДРШКА НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ КУЛТУРНИ ВРЕДНОСТИ

Во рамките на активностите насочени кон зачувување и промовирање на традиционалните македонски музички културни вредности, градоначалникот Александар Георгиевски потпиша договор со кој се дава поддршка на локалната музичка група од Општината, Енерџи Бенд. Договорот се однесува на реализација на музичкиот проект за преработка на македонски патриотски песни, кои се историско наследство на македонската музика.





# „ДЕНОВИ НА КУЛТУРАТА 2024“

Со одржување на низа настани од областа на културата се реализираше традиционалната 25-та манифестација „Денови на културата во општина Илинден“.

Во духот на соработката и пријателството со Друштвото на писателите на Македонија (ДПМ), се одржа трибината под наслов „Современата македонска литература и нејзината перцепција (читањето, критиката, медиумите)“ на којашто учествуваа еминентните писатели и литературни критичари проф. д-р Христо Петрески, Ефтим Клетников и проф. д-р Гоце Ристовски. Трибината отвори серија важни прашања за кои писателите, интелектуалците како авангарда на општеството изнесоа свои ставови.

Во рамки на манифестацијата се одржа креативна работилница „Гатанките, поговорките, и пословиците во македонската литература за деца“ со учество на проф. д-р Александар Прокопиев, писатели на ДПМ и ученици од основните општински училишта од општина Илинден. На големо задоволство на учениците се одржа и традиционалното Литературно матине за деца „Пролетно поетско будење на Илинден“, на кое учествуваа истакнатите македонски писатели за деца и млади, како Горјан Петрески, Ели Маказлиева, Мито Спасовски, Перо Миленковски, Васил Мукаетов, Ефтим Клетников како и Мишо Китановски.

По повод Меѓународната литературна манифестација Општината распиша литературен



награден конкурс на тема „Татковина“ за учениците од општинските основни училишта, припто на Литературното матине за деца беа прочитани и наградените песни, а на учениците градоначалникот Александар Георгиевски им додели пригодни награди.

Дел од манифестацијата беше и отворањето на ликовна изложба на еминентниот ликовен уметник Владимир Темков, каде љубителите на ликовната уметност имаа можност да погледнат околу 40-тина уметнички дела кои го красеа просторот на Домот на култура „Илинден“

Изложбата ја отвори градоначалникот Александар Георгиевски, а за уметникот и неговото уметничко творештво говореа академскиот сликар Новица Трајковски и проф. д-р Кирил Темков. По завршувањето на изложбата се одржа настап на Ансамблот за народни песни и игри „Илинден“, КУД „Гоце Марковски“, како и музички настап на млади музичари од Општината.






# ЉУБОВНИ СТИХОВИ НА ПОЕТСКАТА ВЕЧЕР „ИНТИМНО ЅОВЕЗДИЕ“

Со поетската вечер под наслов „Интимно ѕовездие“, посветена на современата македонска љубовна поезија како централен настан, во Домот на култура „Илинден“ беа заокружени Деновите на културата во општина Илинден.

Јубилејната 25-та Поетска вечер ја отвори покровителот на манифестацијата, градоначалникот Александар Георгиевски, кој во своето поздравно обраќање истакна дека честа е голема да се биде дел од ваков настан од областа на културата, а посебно да се биде домаќин и да се биде во друштво со толку еминентни автори од земјата и странство. Како што рече, посебно задоволство е тоа што манифестацијата се организира заедно



со Друштвото на писателите на Македонија.

Со современите македонски љубовни стихови, за незаборавна поетска вечер се погрижија Христо Петрески, Лидија Размоска Тримовска, Елена Пренџова, Иван Џепаровски, Виктор Радун од Србија, Ленче Милошевска, Кристина Николовска, Раде Силјан, Ивана Велиновска-Боцеска, Славица Урумова-Марковска, Анита Бошкова, Лилјана Стоилковска, како и Миле Јовановски-Поречанец.

Во рамки на поетската вечер беше промовирано посебно издание – книга со текстовите на учесниците од минатата година, „Идентитетот, татковината“ - зборник со литературни прилози.

На сите учесници на манифестацијата градоначалникот им додели посебни признанија за особен придонес во афирмацијата на културата и културниот развој на општина Илинден.

Манифестацијата беше затворена со настап на женското трио Trinity Strings.





## ПРОМОВИРАНА МОНГРАФИЈА И ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА „ТРИ ГЕНЕРАЦИИ ТРАЈКОВСКИ“ НА НОВИЦА ТРАЈКОВСКИ

Во галеријата на Домот на култура „Илинден“ беше отворена ликовна изложба на академскиот уметник Новица Трајковски, наречена „Три генерации Трајковски“. Љубителите на ликовната уметност имаа можност да погледнат околу 70 врвни уметнички дела насликани од неуморните раце на Новица, но и на неговите тројца наследници од семејството.

Во рамките на изложбата беше промовирана и првата монографија на Новица Трајковски во која е собран голем дел од неговото ликовно творештво од последните неколку години. Монографијата е издадена под покровителство на градоначалникот, Александар Георгиевски.





# СО ПОЛОЖУВАЊЕ ЦВЕЌЕ ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ВАСИЛ СТОЈАНОВ-АЏИЛАРСКИ БЕШЕ ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА

По повод одбележувањето на денот на македонската револуционерна борба 23-ти Октомври во Миладиновци беше положено свежо цвеќе пред споменикот на војводата Васил Стојанов-Аџаларски.



Свежо цвеќе пред споменикот на Аџиларски положи делегација од Општината, предводена од градоначалникот, делегација предводена од пратеничката Драгана Бојковска, советници, претставници на општинските јавни институции и установи, претставници на Сојузот на борци, Здружението на пензионери и невладини организации, месни заедници и граѓани.

Во рамки на одбележувањето на празникот во просториите на Домот на култура во Миладиновци се одржа и шаховски турнир на кој учествуваа 16 шахисти, членови на Здружението на пензионери „Илинден“, а покровителот на настанот, градоначалникот Георгиевски на најдобро пласираните им додели пригодни награди и плакети.

# ОДБЕЛЕЖАНА 23-ТА ГОДИШНИНА ОД СМРТТА НА ДРАГО МАНЕВСКИ



Со положување свежо цвеќе пред споменикот на припадникот на македонските безбедносни сили Драго Маневски, кој го положи животот во борба за татковината, беше одбележана 23-та годишнина од неговата смрт.

Драго Маневски е роден 1966 година во Марино, загинува на 11 ноември во Требош, во кризната 2001 година, како член на безбедносните сили на Република Македонија. По иницијатива на градоначалникот спортскиот комплекс во населба Илинден го доби името „Драго Маневски“.

# СО ЗАКРОЈУВАЊЕ НА ВИНОВАТА ЛОЗА И „САЕМ НА ДОМАШНО ВИНО“ ОДБЕЛЕЖАН ПРАЗНИКОТ НА ЛОЗАРИТЕ

Со закројување на виновата лоза во дворот на црквата Свети Трифун во Ајватовци, беше одбележан празникот на лозарите. Празнувањето на православниот празник Свети Трифун почна со Божествена литургија со која чиноначалствуваше владиката Јоаким од Дељадровско-Илинденска Епархија, што се одржа пред голем број верници.

Во рамките на манифестација „Саем на домашно вино“ во организација на црковниот одбор на црквата „Свети Трифун“, а под покровителство на градоначалникот, се одржа избор на најдобро произведено домашно вино.

Според одлуката на жири комисијата составена од членови на „Вински витези“, здружение за промоција на македонското вино и на македонската култура, првата награда за најдобро домашно произведено вино ја доби Слободан Јовановски, второто место го освои Страшко Ангеловски, а третото Љубе Стојмановски.





# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ВОДИЦИ

По повод големиот христијански празник Богојавление (Водици), а под покровителство на Општината, се одржа традиционалната манифестација со положување на светиот крст во водите на езерото кај хотелот Белви. Светиот крст го положи владиката Јоаким од Дељадровско – Илинденската Епархија и свештениците од црквата Св. Константин и Елена.

Најсреќен прв да дојде до крстот, меѓу пријавените 32 учесника, беше Дејан Ристовски кој на оваа манифестација учествува секоја година, а светиот крст по втор пат доаѓа во неговите раце.

# ОДБЕЛЕЖАНА 23-ТА ГОДИШНИНА ОД СМРТТА НА РОБЕРТ ПЕТКОВСКИ

Со положување свежо цвеќе пред спомен плочата во н.м. Бунарџик, беше одбележана 23-та годишнина од трагичната смрт на Роберт Петковски, кој како припадник на Министерството за одбрана трагично загина во Вејце, на 28 април 2001 година.

Свежо цвеќе положија членовите на семејството на Роберт Петковски, претставници на Општината, припадниците на специјалната единица „Волци“, претставници на месната заедница и жители на Бунарџик.

Во чест на трагично загинатиот припадник на безбедносните сили кој беше член на фудбалскиот клуб „Бунарџик“, а под покровителство на градоначалникот, се одржа традиционален меморијален натпревар во фудбал. Натпреварот што се одржа на реконструираното фудбалско игралиште во Бунарџик, коешто го доби името „Роберт Петковски“.



## СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

# ИЗГРАДЕНА Е АТЛЕТСКА ПАТЕКА И ТРИБИНА ВО РАМКИТЕ НА СПОРТСКИОТ КОМПЛЕКС „ДРАГО МАНЕВСКИ“

***Еден од приоритетите на Општината останува поддршката на спортистите и спортските настани. Доказ за големото значење што Општината му го придава на спортот и физичката култура се големиот број спортски натпревари и манифестации што се одржуваат на нејзината територија, но и инвестициите за изградба на соодветни, модерни спортски терени за спортистите и рекреативците.***

***Досегашната пракса на инвестирање и создавање на услови за спортување, постојано се докажува како највредна инвестиција за сите генерации, но пред се во насока на поттикнување на младите кон поздрав начин на живот.***



Во рамките на Спортскиот комплекс „Драго Маневски“, околу новоизградената мултифункционално игралиште, изградена е атлетска патека, односно четири атлетски патеки во вкупна должина од 200 метри, на која е поставена најсовремена тартан подлога. Покрај патеката изградена е бетонска трибина со 175 седишта, како и ограда околу трибината.

Во рамките на предавањето во употреба на овој спортски објект на кој присуствуваше и министерот за спорт, Борко Ристовски, во придружба со претставници од семејството, беше откриена и спомен таблата на паднатиот борец Драго Маневски, чие име го носи овој спортски комплекс.






Со изградбата на овој комплекс, што е прв од ваков вид во Општината, спортистите, односно атлетичарите имаат одлични услови за вежбање со цел остварување на големи успеси. Оваа атлетска патека можат да ја користат и најмладите кои имаат афинитети кон атлетиката, но и оние посериозните, сениорите кои веќе се докажани, со што ќе можат да постигнат уште поголеми резултати, како во Македонија така и во странство.

Пред почетокот на свеченото отворање на атлетската патека градоначалникот му врачи плакета на атлетичарот Дарио Ивановски, за особен придонес и промоција во спортот.



# ИЗГРАДЕНО Е НОВО МУЛТИФУНКЦИОНАЛНО ИГРАЛИШТЕ

Непосредно до спортската сала „Гоце Делчев“ во рамките на Спортскиот комплекс „Драго Маневски“ изградено е ново мултифункционално игралиште коешто е прво од ваков тип во Општината. Игралиштето се простира на површина од околу 1.000 метри квадратни и е наменето за мал фудбал, кошарка, ракомет, одбојка. Поставена е заштитна ограда, лед осветлување, клупи и корпи за отпадоци. Просторот е партерно уреден, со што Спортскиот комплекс доби сосема нов лик.

Со изградбата на мултифункционалното игралиште младите добија спортски терен граден според високи стандарди, кадешто можат во спортски дух да го поминуваат слободното време.



## ТЕРЕТАНА НА ОТВОРЕНО



Жителите на Општината за прв пат добија комплетно опремена спортска теретана на отворено, што се наоѓа кај пешачко – велосипедската патека во Марино.

Во рамките на ова фитнес катче, кадешто младите, па и повозрасните жители на Општината можат да се рекреираат и вежбаат, поставени се повеќе најсовремени фитнес справи.

# КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКИ ТЕРЕНИ



## СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО МИЛАДИНОВЦИ

Комплетно е реконструирано спортското игралиште во рамките на општинското основно училиште во Миладиновци.

Целосно е обновен асфалтниот слој на игралиштето, извршено е проширување на теренот, поставено е ново лед осветлување, извршена е обнова на заштитната ограда, поставени се нови голови, кош, клупи, корпи за отпадоци. Просторот е партерно уреден, изградена е 40 метри пешачка патека по должина на целото игралиште, со што се доби комплетно нов лик на овој спортски терен во Миладиновци. Со реконструкцијата на игралиштето на учениците им се создадени одлични услови за реализација на часовите по физичко образование, но и место за рекреација и забава на жителите во Општината.



## ИГРАЛИШТЕ ЗА МАЛ ФУДБАЛ ВО БУНАРЏИК

Извршена е комплетна реконструкција на фудбалското игралиште за мал фудбал во Бунарџик.

Целосно е обновен асфалтниот слој, поставено лед осветлување, заштитна ограда, нови голови, клупи, корпи за отпадоци.

## ИГРАЛИШТЕ ЗА МАЛ ФУДБАЛ ВО БУЈКОВЦИ

Жителите од Бујковци добија комплетно реконструирано спортско игралиште за мал фудбал. Во рамките на реконструкцијата целосно е обновен теренот со нов асфалтен слој, извршено е обележување на истиот, поставено е целосно ново лед осветлување, променета е заштитната ограда околу целиот терен, поставени се корпи за отпадоци, а просторот е партерно уреден.



## ИЗГРАДБА НА СТАДИОН ВО НАСЕЛБА ИЛИНДЕН

Во соработка со Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ) почна изградба на фудбалскиот стадион во населба Илинден, што ќе се реализира во неколку фази.

Во рамки на проектот во првата фаза ќе се изврши целосна промена на фудбалскиот терен со негово проширување и поставување на нова вештачка трева, поставување на дренажа и одводнување на фудбалскиот терен, со што ќе се добие професионална подлога за одржување на фудбалски натпревари. Дополнително со проектот е опфатено да се изградат соблекувални, административни и помошни простории, нова трибина со капацитет од околу 1.000 гледачи, осветлување на фудбалскиот стадион, изградба на заштитна ограда околу стадионот, партерно уредување на просторот со паркинг места како и хортикултурно уредување на просторот околу стадионот.

# МУЛТИФУНКЦИОНАЛНО ИГРАЛИШТЕ ВО ТЕКИЈА



Извршена е целосна реконструкција на спортското игралиште што се наоѓа во рамките на подрачното општинско основно училиште во Текија. Со реконструкцијата досегашното игралиште за мал фудбал сега е мултифункционално игралиште за фудбал, кошарка и ракомет, а дел од комплексот е и ново детско игралиште.

Целосно е обновен асфалтниот слој, извршено е проширување на теренот, поставено лед осветлување, обновена е заштитната ограда, поставени се нови голови, кош, клупи, корпи за отпадоци, како и партерно уредување на просторот. Покрај спортското игралиште реконструирано е и детско игралиште со реквизити, како нишалки и клацкалки.

# САНАЦИЈА НА ФУДБАЛСКИТЕ ИГРАЛИШТА ВО ОПШТИНАТА

Интензивно се работеше на санација, реконструкција и изградба на спортските терени на територијата на Општината, при што се изврши санација на тревната површина на три фудбалски терени, од кои еден во Кадино и два во Марино. Со оваа инвестиција се овозможува подобрување на условите за игра, зголемување на стандардите на спортската инфраструктура и се обезбедуваат оптимални услови за играчите и љубителите на фудбалот.

- Извршена е промена на оштетени столчиња и замена на дрвените газишта на трибините на фудбалските игралишта „Македонски Бранители“ во Марино, „Ѓемиџии“ во Кадино, фудбалското игралиште „Марино“ во Марино и спортската сала „Гоце Делчев“.
- Комплетно се променети старите метал-халоген рефлектори од осветлувањето во спортската сала „Гоце Делчев“, со нови лед штедливи рефлектори, со што значително се зголемува јачината на осветлувањето, а се намалуваат трошоците за електрична енергија.

# ИГРАЛИШТЕ ЗА БАСКЕТ ВО КАДИНО

Реконструирано е игралиштето за баскет во Кадино коешто се наоѓа во непосредна близина на црковниот храм. Поставен е нов кош, извршено е обележување на теренот, санирана е бетонската трибина, заштитната ограда, клупите за седење и поставено е целосно ново лед осветлување. Со реконструкцијата жителите од Кадино добија комплетно нов уреден спортски терен.



# ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА

***Посебно внимание во своето работење локалната самоуправа посвети на најмладите жители на Општината-дечињата, нашата иднина. Изградени се повеќе детски игралишта во населба Илинден, како и во Марино, Кадино, Ајватовци, Мршевци, Текија, Бучинци, Бујковци, Миладиновци, Дељадровци и месноста Јака, каде што дечињата добија одлично катче за дружење и рекреација, кадешто ќе можат да го минуваат времето во игра и забава. Дел од овие игралишта се инклузивни и наменети и за деца со попреченост.***

***Во наредниот период ќе бидат реконструирани постојните и ќе се изградат нови детски игралишта и во другите населени места.***



## ВО ИЛИНДЕН

Дечињата од населбата Илинден добија ново детско игралиште што се наоѓа во рамките на Домот на култура „Илинден“. Игралиштето е ново освежување на просторот околу Домот на култура, а опремено е со детски реквизити, како лизгалка, форми на коњчиња, клацкалки, лулашка...



## ВО ЈАКА

Изградено е ново детско игралиште во населба Јака, како донација од општествено одговорната компанија Пекабеско. Ова е второ детско игралиште во Јака, при што децата и од овој дел на населбата ќе добијат свое ново катче за игра и забава.

Детското игралиште е опремено со детски реквизити како лизгалка, форми на коњчиња, клацкалки, лулашка, клупи и канти за отпадоци, а просторот е партерно уреден со павер елементи.

## ВО ДЕЉАДРОВЦИ



Изградено е ново детско игралиште во Дељадровци. Во рамки на игралиштето поставени се детски реквизити, нишалки и лизгалки, како и клупи, и канти за отпадоци. Новото детско игралиште се наоѓа во рамките на новоизградениот парк во ова населено место.



## ВО АЈВАТОВЦИ

Во Ајватовци е изградено ново детско игралиште, во чии рамки се поставени детски реквизити, лулашка, лизгалка, клацкалка, клупи и канти за отпадоци. Просторот е партерно уреден со павер елементи и панелна ограда.

## НОВО ДЕТСКО И КОШАРКАРСКО ИГРАЛИШТЕ ВО БУЧИНЦИ



Изградено е ново детско и кошаркарско игралиште во населено место Бучинци. Во рамки на детското игралиште поставени се детски реквизити, лулашка, лизгалка, клацкалка, клупи, канти за отпадоци, а просторот е партерно уреден со павер елементи. Во рамките на детското игралиште изградено е кошаркарско игралиште со бетонска подлога, кош и партерно уреден простор.

## ПОКРОВИТЕЛСТВО И ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ НАСТАНИ И МАНИФЕСТАЦИИ







# ПРОФЕСИОНАЛНА ВЕЛОСИПЕДСКА ТРКА „ТРОФЕЈ ИЛИНДЕН“

Во организација на Општината, а во соработка со Велосипедската федерација на Македонија, се одржа Велосипедската трка „Трофеј Илинден“ во должина од 100 километри.

На велосипедската трка која е влезена во календарот на велосипедски трки на Велосипедската федерација на Македонија и се бодува за купот на нашата земја учествуваа околу 70-тина професионални велосипедисти од цела држава во 6 категории: У-23, јуниори, жени, кадети, мастерс и елит.

Велосипедската трка која беше од кружен карактер, а стартната позиција од спортската сала „Гоце Делчев“, се возеше кон општинската зграда, надвозникот во населба Илинден кон Ајватовци, потоа Мршевци, Дељадровци,Текија, Миладиновци, Кадино, Марино и назад кон целта – сопртска сала „Гоце Делчев“.

Покрај професионалната трка се одржа и трка за рекреативци, на која со своите велосипеди учествуваа голем број љубители на велосипедизмот, особено млади велосипедисти.

Пригодни награди на најдобро пласираните, како и жолти маички на победниците им додели покровителот на настанот, градоначалникот Александар Георгиевски, кому Велосипедската федерација на Македонија му додели плакета во знак на благодарност.



## ВЕЛОСИПЕДСКА ТУРА „ЕКСПЕДИЦИЈА НИЗ СРЦЕТО НА ИЛИНДЕН 2024“

По втор пат се одржа велосипедската тура „Експедиција низ срцето на Илинден 2024“, којашто со поддршка на Општината ја организирше Здружението МТБ Илинден.

На настанот учествуваа над 150 велосипедисти од цела Македонија, а стартната позиција, беше од пред спортската сала „Гоце Делчев“. Велосипедската тура се вози по асфалтен и земјен пат низ пределите на Општината во должина од околу 45 километри.

Покрај велосипедската тура се одржа и едукативна работилница за деца, поддржана од Вело училишта наменета за децата од основните училишта.

## МАНИФЕСТАЦИЈА „ДЕНОВИ ЗА СПОРТ НА МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН“

Се одржа спортската манифестација „Денови за спорт на младите во општина Илинден“, на која учествуваа учениците од основните училишта, како и учениците од Средното општинско стручно училиште „Илинден“. Во рамките на манифестацијата учениците од основните училишта се натпреваруваа во футсал, ракомет и одбојка во машка и женска категорија, средношколците од СОСУ „Илинден“ учествуваа на турнир во баскет, а учениците од одделенска настава во елементарни штафетни игри.





## ЧЛЕНОВИТЕ ОД ХУЛК АКАДЕМИЈА КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Градоначалникот ги прими членовите од клубот Хулк Академија - Центар за боречки вештини од Илинден кои на Државното првенство во џиу џица што се одржа во спортската сала „Гоце Делчев“, освоија повеќе златни, сребрени и бронзени медали. Во Хулк Академија тренираат околу 80 членови во различни дисциплини, а на државното првенство настапија 10 натпреварувачи од Општината.

## МЕЃУНАРОДЕН ФУДБАЛСКИ ТУРНИР „ИЛИНДЕН КУП 2024“



На спортските терени во Марино и во Кадино, под покровителство на градоначалникот, а во организација на Фудбалската школа „Гроздановски“, годинава по втор пат се одржа меѓународниот фудбалски турнир „ИЛИНДЕН КУП 2024“. На турнирот учествуваа 160 европски, балкански и македонски клубови со околу 2.000 учесници - деца на возраст од 8 до 12 години.

Медалите и пехарите на најдобрите екипи им ги доделија министерот за спорт, Борко Ристовски и покровителот на турнирот градоначалникот Александар Георгиевски.



## ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „МРШЕВЦИ 2024“

На спортскиот терен во Мршевци се одржа десеттиот турнир во мал фудбал „Мршевци 2024“. На турнирот учествуваа 24 екипи со околу 250 натпреварувачи, кои се натпреваруваа во 4 групи по 6 екипи во секоја група.

Општината и оваа година го поддржа турнирот, а градоначалникот на најдобрите им додели пехари за постигнатите резултати.

# МЕЃУНАРОДЕН ЏИУ ЏИЦА ТУРНИР „СКОПЈЕ ОПЕН 2024“

Во спортската сала „Гоце Делчев“ се одржа 13. традиционален Меѓународен џиу џица турнир „Скопје Опен 2024“. Турнирот го организираше Македонската џиу џица федерација, а учествуваа над 250 борци од 17 клубови и тоа од Србија, Црна Гора, Бугарија, Грција, Босна и Херцеговина, Словенија, Австрија и од Македонија. Турнирот беше во три дисциплини во детски и во возрасни категории, машка и женска конкуренција.




Притоа, на министерот за спорт Борко Ристовски, кој присуствуваше на натпреварите, како и на градоначалникот од страна на Македонската џиу џица федерација им беа доделени плакети за особен придонес во развојот на џиу џица спортот.

# ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ЏУДО И ЏИУ ЏИЦА

Се одржа државно првенство во џудо и џиу џица за категориите пионери и сениори. На првенството учествуваа 200 натпреварувачи од 14 екипи од повеќе градови од Македонија.





# МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ТАЕКВОНДО

Со учеството на 350 натпреварувачи од Македонија и соседните држави, во спортската сала „Гоце Делчев“ се одржа Меѓународен турнир во таеквондо. Под покровителство на Општина Илинден и Македонската Таеквондо Федерација турнирот го организираше таеквондо клубот „Младост“. Меѓу присутните во публиката беа и пратеничката Драгана Бојковска, како и многу големи спортски имиња од областа на боречките вештини.

# СРЕДБА СО АТЛЕТИЧАРОТ ДАРИО ИВАНОВСКИ

Атлетичарот Дарио Ивановски кој од маратонот во Севиља, Шпанија се врати со голем успех за него, но и за Македонија, заедно со неговиот тренер Игор Јакимовски, беше во посета на Општината.

На средбата градоначалникот упати честитки за големиот успех на Дарио за соборениот државен рекорд.





## РЕГИОНАЛНИ СПОРТСКИ ИГРИ НА ПЕНЗИОНЕРИ

Здружението на пензионери „Илинден“, со поддршка на Општината, беше домаќин на 28. Регионални спортски игри на пензионери од првиот регион, што ги организираше Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

Во натпреварите учествуваа девет здруженија на пензионери со околу 400 учесници коишто се натпреваруваа во повеќе спортски дисциплини, како тегнење јаже, атлетика, кошарка, пикадо, шах и уште неколку дисциплини во кои пензионерите ги измерија своите сили.



## МЕМОРИЈАЛЕН НАТПРЕВАР ВО ФУДБАЛ ЃОРЕ ДИМОСКИ-ЈОЦО И ВЕЛКОВСКИ МАРЈАН-КАРЕ 2024

На спортскиот терен во Мралино се одржа Меморијален натпревар во чест на Ѓоре Димоски-ЈОЦО и Велковски Марјан-КАРЕ.

На натпреварот, поддржан од Општината, пред голем број љубители на фудбалот учествуваа четири екипи.





## ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „ДРАГАНЧО СТОЈАНОВСКИ - ПРПЕ“ 2024

Во Дељадровци пред голем број гледачи се одржа Меморијален турнир во мал фудбал „Драганчо Стојановски-Прпе“ 2024, на кој учествуваа 24 екипи од повеќе општини.

Турнирот се реализираше со поддршка на Општината, а на најдобрите им беа доделени соодветни пехари.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ВО 2024 ГОДИНА



## ВОВЕДЕН ЕДНОШАЛТЕРСКИ СИСТЕМ

**Воведен е едношалтерски систем, каде што граѓаните можат да поднесат документи на едно место. Со овој нов поедноставен концепт, граѓаните на едно место можат да ги добијат сите информации како наједноставно да поднесат документ во делот на урбанизам, инспекторат, одделението за даноци, наплата на сметки од ЈКП „Водовод“ и ЈКП „Илинден“. Овој проект овозможува скратување на времето на граѓаните за вадење на потребните документи и плаќање на сметките за вода и комунални услуги.**

Издавач: Општина Илинден, Градоначалник **Александар Георгиевски** | Уредник: **Ристо Томовски** | Технички уредник: **Антон Власов**
Адреса: улица „9“ број 38, населба Илинден | тел. (02) 2571-703; 2571-704 | e-mail: ilinden@ilinden.gov.mk | Печати: Печатница Серафимовски ДОО Скопје

- ЈАНУАРИ 2025 -